Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 74, 15 февруари 2012 година

февруари 2012 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област економска геологија и лежишта на минерални суровини на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ................................ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област подготовка на минерални суровини на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........................................................................26

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно - научната област експлоатација на слоевити лежишта и механика на карпи и тлото на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........................................................................................................34

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за научната област експлоатација на неслоевити лежишта и длабинско дупчење на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ....................................................52

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област хидрологија/хидрогеологија на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .......................................................................................71

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област транспортни и извозни постројки на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........................................................................83

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област минералогија на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..............................................................................................92

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област хотелиерство на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..............................................................................................105

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања во научната област генетика и селекција на растителното производство на Земјоделскиот факутет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..............................................................................................116

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**РЕФЕРАТ** за збор на асистент за научната област микробиологија на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ....129

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научна област клиничка психологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ....134

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област методика на наставата по литература на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .... 139

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област органска хемиска технологија на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .... 144

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно научната област применета математика и математичко моделирање на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .... 149

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната областа деловно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .... 156

**РЕЦЕНЗИЈА** на Германско-македонски и македонско-германски речник од доц. д-р Толе Белчев и доц. д-р Билјана Ивановска, Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .... 162

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за е-скрипта „Физичкото воспитание и образование кај деца од предучилишната и раната училишна возраст“ од авторот асистент д-р Билјана Попеска, Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .... 164

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Изработка на рударски простории“ од авторот асистент д-р Николинка Донева од Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .... 169

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата .... 171

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „ИЗРАБОТКА НА РУДАРСКИ ПРОСТОРИИ“ ОД АВТОРОТ АСИСТЕНТ Д-Р НИКОЛИНКА ДОНЕВА ОД ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука број 2202-115/17 од 3.2.2012 година на Наставо-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, определени сме за рецензенти на скриптата „**Изработка на рударски простории**“ од авторот асистент д-р Николинка Донева.

По разгледување на ракописот го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Доставениот ракопис целосно ја покрива Наставната програма по предметот Изработка на рударски простории на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“. Предметот за којшто е наменета скриптата се слуша во втора година, во четврти семестар, на насока Рударство, со неделен фонд на часови 1+1+1. Ракописот овозможува запознавање на студентите со најважните технологииии за изработка на рударските простории и претставува солидна основа за совладување на предметната програма.

Материјалот е изложен прегледно и концизно, со низа графички прикази, што овозможува полесно да се разбере и усвои од страна на студнтите.

Текстот содржи 155 страници и е систематизиран во 9 поглавја: вовед, историски осврт за развојот на технологиите за изработка на рударски простории, класификација на рударските простории, работен циклус и негови елементи, преглед на карактеристиките на работната средина, изработка на хоризонтални рударски простории, изработка на вертикални рударски простории, изработка на коси рударски простории и мерки за заштита при изработка на рударските простории.

Во *првото поглавје* е дадено значењето на рударските простории во процесот на експлоатација на минерални суровини. *Второто поглавје* го прикажува историскиот развој на подземното рударство, вклучително и развојот на технологиите за изработка на рударски простории. Во *третото поглавје* е дадена генералната поделба на рударските простории, како според примената, така и според нивната просторна положба. *Четвртото поглавје* освен што го прикажува циклусот за изработка на рударски простории, ја прикажува изработката како комплексен систем составен под повеќе потсистеми – фази од изработката на рударските простории. Исто така, е презентиран дел во кој се претставени видовите на погонска енергија што се користат при изработката на рударските простории. Во *петтото поглавје* детално се дадени структурните, физичко-механичките и техничките карактеристики на работната средина, кои се од посебно значење за изработката на рударските простории. Во *шестото поглавје* е прикажана изработката на хоризонталните рударски простории, и тоа технологијата со примена на дупчечко-минерски работи, технологијата со примена на ротационо-лачни машини и технологијата со примена на комбинирани ротациони машини. Исто така, детално се претставени останатите фази од системот на изработката: проветрувањето, товарењето и транспортот, и подградувањето. Во *седмото поглавје* е дадена изработката на вертикалните простории, и тоа: технологијата со примена на дупчечко-минерски работи, техниките на ускопно пробивање, како и начините за подградување на истите. Во *осмото поглавје* е дадена изработката на косите простории, начинот на нивното проветрување и подградување. Во *деветтото поглавје* се претставени мерките за заштита при изработка на рударските простории.

Ракописот е напишан на јазик разбирлив за студентите од Факултетот за природни и технички науки, Институт за рударство, со голем број графички прилози, што овозможува запознавање на студентите со соодветните технологии за изработка на хоризонтални, вертикални и коси простории.

## З А К Л У Ч О К

Имајќи го предвид изложеното, на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип со задоволство му препорачуваме ракописот **„Изработка на рударски простории“ од авторот асистент д-р Николинка Донева да го прифати како рецензирана скрипта по истоимениот предмет.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Зоран Десподов, вон. проф.,с.р.**
**Д-р Дејан Мираковски, доц.,с.р.**